**20240761584**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2024 година.

Бр. 08-2214/1
1 април 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 127/2006, 136/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21 и 58/24), во членот 68 по став (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Доколку во ист период се одржуваат повеќе видови на избори, подносител на листа на кандидат/и чијшто реден број на гласачкото ливче е определен согласно со ставот (1) на овој член, може со писмена согласност да дозволи неговиот реден број да се користи истовремено на гласачкото ливче и за друга листа на кандидат/и за друг вид на избори, доколку кандидатот/ите се поддржани од иста политичка партија или коалиција и/или користат ист симбол, за што задолжително ја известуваат Државната изборна комисија.“.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Член 2

Оваа одредба ќе се примени и за изборните процеси чии дејства се во тек во време на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.